International Ex-Libris Exhibition Skopje

Почитувани,

Голема чест на Меѓународна изложба на Ex Libris (Екс либрис) Скопје е да ве поканат да учествувате на 7. Меѓународна изложба на Ex Libris (Екс либрис) Скопје 2025, која ќе се одржи во периодот од 25 декември 2025г. до 20 јануари 2026г. во изложбениот салон „Империјал I“ при Културно информативен центар - Скопје.

## *Отпечатоци на еднаквост – траги од внатрешното „јас“*

Екс либрисот нема да го сретнете ниту на насловна страница, ниту, пак, во центарот на внимание. Тој лежи внимателно поставен и затскриен на внатрешната корица. Екс либрисот е отпечаток под површината, белег на прагот меѓу надворешното лице на книгата и нејзиниот внатрешен свет. Токму затоа може да се каже дека екс либрисот ѝ ја дава на книгата нејзината препознатливост, авторство и припадност.

Оваа кураторска перспектива отвора моќни метафори за нашето време. Како екс либрисот, така и отпечатоците на жените често се наоѓаат под видливата површина на општеството – самоопределувачки и од суштинско значење, но не секогаш препознаени. Меѓутоа, иако не ги среќаваме на предните корици на историјата, тие сепак ја сочинуваат нејзината содржина. Нивните придонеси го обликуваат идентитетот на нашите заедници и истории, дури и кога не се првото нешто што светот го забележува.

Во време кога еднаквоста и правдата често се третираат како фусноти, наместо ударни вести, екс либрисот нè потсетува дека вистинската приказна често е затскриена, но дека нејзините отпечатоци го издржуваат тестот на времето. Чинот на обележување – било на хартија, во општеството или во сеќавањето – е начин да се отфрли молкот. Така, секој екс либрис, колку и да е мал, претставува засебен *глас*; а заедно создаваат архива на истрајност, креативност и надеж.

Имајќи го ова на ум, овогодишната тема на Биеналето е инспирирана од „Реактор – Истражување во акција“, локален тинк-тенк кој повеќе од две децении посветено работи на унапредување на еднаквоста, граѓанското учество и социјалната правда. Надоврзувајќи се на нивната приказна, ги повикуваме уметниците да ги истражат суптилните впишувања на идентитетот, правата и сеќавањето – траги што се наоѓаат под површината и ги обликуваат просторите во кои се вкоренуваат смислата и припадноста. Истовремено, ја отвора можноста за уметнички рефлексии за белегот што жените и маргинализираните групи го оставаат врз културата и општеството, често работејќи и творејќи на работ на видливоста. Преку овие гестови – било лични или колективни, кревки или храбри, интимни или политички – се отвораат нови можности за трансформација.

На овој начин, Биеналето останува верно на својата традиција да го слави екс либрисот како мала уметничка форма со големо значење. Темата е наменски широка, отворајќи простор за дела што го истражуваат личниот идентитет, културната припадност, општествената критика, феминистичките наративи и колективното сеќавање. Таа отвора простор за тивки чинови на отпор, односно гестови што впишуваат присуство таму каде што тоа најчесто се занемарува. Со оваа широка рамка, Биеналето ги повикува уметниците да ги протолкуваат маргините и отпечатоците низ лични и колективни димензии.

Гледано низ оваа призма, Биеналето претставува не само изложба на отпечатоци, туку и колективна рефлексија: *Какви траги оставаме за идните генерации и чии гласови ќе бидат запаметени?*

International
Ex-Libris
Exhibition
Skopje

## Делата треба да ги исполнуваат следниве пропозиции:

- Делото треба да ги содржи зборовите Ex Libris, кои ќе бидат интегрирани на самото клише (не на паспартуто), заедно со посветата.
- Посветата треба да го содржи целосното име или име и презиме на сопственикот, т.е. личноста или институцијата на која ѝ е посветено, по избор на авторот; овој текст треба да биде вметнат на самото клише при изработката. Во случај на употреба на кратенки или иницијали, целосното име и презиме на сопственикот на делото мора да биде наведено на задната страна и во самиот формулар за апликација.
- Димензиите на клишето се: максимум 13x13см. Димензиите на паспартуто: 20x20см.
- Сите оригинални традиционални графички техники се дозволени; само компјутерски графики, фотокопии, студии, дизајни итн., се исклучени.
- На задната страна од делата читко треба да се запишат насловот на делото, годината, техниката, димензиите, името и презимето на авторот, е-адреса (e-mail) и телефон за контакт.
- Секој автор може да учествува со најмногу три различни дела
- Делата не треба да бидат врамени; треба да бидат испратени без никаква рамка ниту позадина.
- Авторите можат да учествуваат со дела создадени по 2023 г.

**Последен рок за пријавување и доставување на делата е 1 декември 2025г.**
**На овој датум делата мора да бидат пристигнати во КИЦ.**
(Доколку ги испраќате по пошта, ве советуваме да ги испратите делата што е можно поскоро поради можни застои во поштенскиот сообраќај.)

**Делата кои не ги исполнуваат горе наведените критериуми ќе бидат одбиени.**
**Учеството на оваа изложба е бесплатно.**

Се доделува една прва, една втора и една трета награда што се состојат од медал и благодарница.
Организаторите не прифаќаат одговорност доколку делата бидат оштетени или изгубени при транспорт.

Секој учесник ќе добие дигитална благодарница од изложбата.
Каталогот ќе биде објавен во дигитален формат на интернет страницата на IEXLS **www.exlibrisskopje.com**, од каде што секој автор ќе може да го преземе без никаков надоместок. Со ова сакаме да намалиме употреба на хартија и да придонесеме кон позелена и почиста животна средина.
Воедно, на истата интернет страница, ќе биде поставена и целосната изложба, како постојана поставка.

Ве молиме делата да ги доставите во канцеларијата на ликовниот сектор во Културно информативниот центар – Скопје, секој работен ден од 10:00 до 14:00часот, или да ги испратите по пошта на следнава адреса:

**7th INTERNATIONAL EX LIBRIS EXIBITION SKOPJE 2025**
**КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**
**Ул. „Филип Втори Македонски“, б.б.**
**1000 Скопје**
**Република С. Македонија**

Големото отворање на 7-тата Меѓународна изложба на Ex Libris Скопје 2025 ќе биде на 25 декември 2025 година во 20:00 во галеријата „Империјал I“ при Културно информативниот центар - Скопје.

Лице за контакт:
Соња Димовска
Тел. 070 570 520
Email: dimovskas@gmail.com

Избраните дела стануваат сопственост на колекцијата „Меѓународна изложба на Ex Libris Скопје“.

International Ex-Libris Exhibition Skopje

# ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Име……………………………Презиме..……………………………………………………

Адреса.……………………………………………………………………………..

Датум на раѓање...……………………………………………………………………....

Е-адреса……………………………………………………тел.…………………………………..

Интернет-страница....……………………………………………………………………..

* Со пријавата за учество секој автор треба да приложи и кратка биографија

**Список на дела:**

| **1.** | **2.** | **3.** |
|---|---|---|
| наслов………………… | наслов………………… | наслов………………… |
| техника.......………….... | техника.......………….... | техника.......………….... |
| година………………… | година………………… | година………………… |

Ги прифаќам условите за учество на изложбата и се согласувам да ги отстапам делата во трајна сопственост во колекцијата „Меѓународна изложба на Ex Libris Скопје“. Исто така, прифаќам моите лични податоци и дела да бидат употребени за целите на изложбата: фотографирање, објавување во каталогот и на интернет како дел од промоцијата на изложбата и целиот настан воопшто.

Потпис…………………………………..                                        Датум…………………